15544


**pres-kliping • press-clipping**

NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 85,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista
Newspaper cutting



НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
26. VIII. 1971


# НОВИ ПОДАРОЦИ ЗА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

Вчера во Музејот на современата уметност во Скопје амбасадорот на Чехословачка во нашата земја свечено му ги предаде подароците на Музејот од колекцијата на Националната галерија во Прага. Тој му ги предаде сликите од: Вацлав Шпала „Морски залив“ масло на платно 1923, „Слика“, масло на платно од Јинржиш Штирски, „Мртва природа“ масло на платно, работена во 1926 година од Емил Фила, „Мртва природа“, масло, работена во 1930 година од Франтишек Музика.

Амбасадорот на Музејот му подари и две слики од Војтех Праисит и тоа: „Вечер“, акватинто во боја и бакропис работена во 1906 и „Кула на стената“, акватинто во боја.

Две слики посетителите ќе можат да видат и од чехословачкиот сликар, основоположник на модерната уметност, Војте Седлачек и тоа „Пастирки“ дрворез, работена 1921 година и „Довезување на летнината“ бакропис, работена 1920 година.

Франтишек Тихи ни е претставен со сликата „Фантом“, сува игла, работена во 1944 година, додека Емих Фила се претставува со сликата „Хераклес и бикот“, сува игла работена во 1937 година.

Од Франтишек Тихи исто така посетителите во изложбената сала на Музејот на современата уметност во Скопје можат да ја видат сликата „Париски покриви“, бакропис, работена во 1933 година.

Покрај сликите работени во масло, бакропис, сува игла и дрворез на Музејот му е подарена и статуата „Пубертет“, бронза в. 84 работена во 1901 година од Јан Штурса. Значи, од вчера Музејот располага со 12 нови експонати.

Л. Р.